ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ
ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ
Бр. 0302-54/1
26.03 2026 год.
ГЕВГЕЛИЈА

Република Северна Македонија
Министерство за енергетика, рударство и минеранилни суровини

Republic of North Macedonia
Ministry of Energy, Mining and Mineral Resources

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Ministria e Energjisë, Minerave dhe Burimeve Minerale
Бр.Nr 02-6999/1
19.03.2026 20 год.viti
Shkup

CENTER FOR CLIMATE CHANGE
ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ
ПРОМЕНИ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Помеѓу

**Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини** на Република Северна Македонија, со седиште на Ул.Македонија бр.27, со ЕМБС 7769873, застапувано од министер Сања Божиновска
и
**Здружение на граѓани Центар за климатски промени Гевгелија** со седиште на ул.Гоце Делчев бр.74 Гевгелија, со ЕМБС 6322565, застапувано од овластено лице Бојана Станојевска Пецуровска

Склучен на ден ____ ____ 2026 година

## Член 1
## Цел

Целта на овој Меморандум за соработка (во понатамошниот текст: Меморандум) помеѓу Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини (во понатамошниот текст: Министерството) и Здружение на граѓани Центар за климатски промени Гевгелија (во понатамошниот текст: ЦКП) е креирање на рамка за меѓусебна соработка со цел заедничко дејствување за остварување на националните цели и обврски во областа на енергетската ефикасност и климатските промени.

## Член 2
## Области на соработка

Соработката ќе опфати:

1. Обезбедување стручна и техничка поддршка на Министерството во исполнување на законски обврски, особено обврската утврдена во член 1 од Законот за енергетска ефикасност (Воспоставување и одржување на информациски систем за следење и управување со потрошувачката на енергија).
2. Развој и имплементација на функционално и одржливо софтверско решение – Информациски систем од точка 1, кој ќе овозможи систематско прибирање, следење, обработка и анализа на податоци за енергетската потрошувачка во јавниот сектор.
3. Подготовка на нацрт-подзаконски акт (Правилник) за уредување на начинот на функционирање, управување и користење на Информацискиот систем.

4. Зајакнување на институционалните капацитети за спроведување политики во областа на енергетската ефикасност и климатските промени.
5. Реализација на заеднички информативни и едукативни активности и кампањи за подигнување на јавната свест за значењето на енергетската ефикасност и климатските промени.

**Член 3**
**Имплементација**

Со цел ефикасно и координирано спроведување на активностите предвидени со овој Меморандум, страните ќе ги преземат следните дејствија и тоа:

**Министерството:**

- Именува работна група и/или контакт лице од надлежниот сектор (Сектор за енергетска ефикасност и климатски промени) за техничка комуникација и координација со ЦКП;
- Ќе обезбеди административна и техничка поддршка, согласно своите можности, за усогласување на техничкиот концепт и функционалностите на Информацискиот систем со институционалните потреби и важечките процедури;
- Учествува во подготовката на Правилникот за уредување на начинот на функционирање, управување и користење на Информацискиот систем;
- Ќе обезбеди навремено доставување на релевантните податоци и информации неопходни исклучиво за развој, тестирање и функционирање на Информацискиот систем.

**Центарот за климатски промени:**

- Ќе вложи стручни и разумни напори за изработка и развој на комплетното софтверско решение за Информацискиот систем и негово предавање на Министерството, вклучувајќи ги сите потребни модули, функционалности и технички спецификации, во согласност со потребите на Министерството и релевантната национална и европска регулатива;
- Го подготвува Нацрт Правилникот за уредување на начинот на функционирање, управување и користење на Информацискиот систем;
- Ја реализира целокупната изработка на софтверското решение и подготовката на Нацрт Правилникот со средства обезбедени од донаторска поддршка, при што Министерството нема да има финансиски обврски по било кој основ;
- Ќе обезбеди презентација и обука за претставници на Министерството во врска со концептот, методологијата и користењето на Информацискиот систем.

**Член 3-а**

Реализацијата на активностите од овој Меморандум, вклучително и развојот на Информацискиот систем, зависи од достапноста на податоците обезбедени од Министерството, како и од обезбедената донаторска поддршка од страна на ЦКП.

ЦКП ја реализира целокупната изработка на софтверското решение и негово предавање на Министерството во период од 2 (две) години од денот на потпишување на Меморандумот.

ЦКП не сноси одговорност за целосна или делумна нереализација на активностите доколку истата е резултат на околности надвор од негова контрола, вклучително и недостиг на податоци, ненавремена соработка или прекин на донаторско финансирање.

**Член 4**

Од денот на имплементација и предавање на Информацискиот систем на Министерството, ЦКП презема обврска да го одржува софтверот и да ги сноси трошоците за одржувањето за период во времетраење од 3 (три) години.

**Член 5**
**Доверливост и сопственост**

Сите информации, податоци и документи разменети помеѓу страните во рамките на овој Меморандум ќе се сметаат за доверливи, освен доколку поинаку не е договорено во писмена форма. Истите не смеат да бидат објавени или доставени на трети лица без претходна писмена согласност од другата страна, освен кога тоа е законска обврска.

Сите резултати, вклучително и софтверското решение, базите на податоци и придружната документација развиени во рамките на овој Меморандум, ќе бидат во сопственост на Министерството, при што Центарот за климатски промени го задржува правото на користење на стекнатото знаење, искуство и методологии за свои интерни и непрофитни цели.

Должноста за заштита на податоците и деловната тајна настапуваат во моментот кога страните ќе се запознаат со нив и трае за целото времетраење на овој Меморандум, како и по неговото престанување.

Добиените податоци, информации и документи може да се користат само за намената за која се издадени, страните може да извршуваат одделни работи во врска со обработката на податоци (сопственост на другата страна) само во рамките на овластувањата предвидени во овој меморандум и овластувањата кои ги има согласно со закон, а тие можат да се користат само за намената за која што се издадени.

Страните се обврзуваат да применат соодветни технички и организациски мерки за заштита од случајно или незаконско уништување на личните податоци или нивно случајно губење, преправање, неовластено откривање или пристап.

**Член 6**
**Времетраење и раскинување**

Овој Меморандум влегува во сила со денот на неговото потпишување од двете страни и ќе важи до целосно завршување на активностите предвидени со истиот, освен ако страните поинаку не се договорат во писмена форма.

Секоја Страна може да го раскине Меморандумот со писмено известување најмалку 30 дена однапред.

**Член 7**
**Правен статус**

Овој Меморандум претставува израз на добра волја за соработка и не создава договорна, финансиска или друга правно обврзувачка одговорност и обврска меѓу страните, ниту може да се толкува како основ за побарување на надомест на штета.

Измената на одредбите на овој Меморандум се врши единствено со писмена согласност на двете страни.

Сите несогласувања кои ќе произлезат од овој меморандум ќе бидат решени преку меѓусебни консултации и преговори, преку усогласување на ставови.

**Член 8**

Овој Меморандум е изготвен и потпишан во четири (4) истоветни примероци, од кои по два за секоја од договорните страни.

| | |
|---|---|
| **Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини** | **Центар за климатски промени** |
| **Сања Божиновска** **Министер** | **Бојана Станојевска Пецуровска** **Претседател** |
| Потпис | Потпис |
| (Дата) | (Дата) |